

# ЗЕМЈОТРЕС

Александар Д. Балаловски

Делото е лиценцирано според **Creative Commons – Attribution-Share Alike License 2.5** односно (**mk**)
**Наведи извор-Сподели под исти услови, верзија 2.5**.

Сликата од насловната е преземена од http://flickr.com/photos/thomasroche/2559531142/
исто така лиценцирана според горенаведената лиценца.

Вчера беше најубавата ноќ во неговиот живот. Провев и завеса која се вееше, мирис на парфеми, гел, восок, алкохол и цигари наоколу, музика која низ звучките на лаптопот за инает случајно се погоди прекрасна, голема кригла и нормална чаша, двете полу-полни со магнум, расфрлани остатоци од храна кои некако се нашле на масата, чипс, смоки, телефони, празни шишиња, полу-празни чиниички. На масичката каде сето тоа постоеше книга со бели корици. Врз креветот до средината собран чаршав и мекушкав јорган, мала и голема перница.

Кога ќе поминеше таа низ собата целото внимание себично го земаше врз неа. Тој налудничаво само ќе ја погледнеше на кратко, сакаше да ја погледне сликата пред да дојде плимата. Тогаш кога ќе го нападнеше нешто од абдоменот па нагоре, веќе се предаваше апсолутно на *тоа*. Не знаеше што е. Бил заљубен. Овојпат се работеше за нешто сосема друго. Тоа му го кажуваа сите клетки и делови на неговото тело. Рацете ќе се наежеа, нозете ќе посакаа да се вкрстат триејќи си ги стапалата, а главата страмежливо ќе погледнеше во пепелта од цигарата, устата ќе се згрчеше и забите грубо ќе счкрипеа безболно касајќи го јазикот. На тилот сите влакна ќе заиграа и ќе ја турнеа главата врз перницата. Од длабината на простата ќе почнеше да се лачи течност која мрзоволно тргнуваше кон светлината на денот.

Низ чекорот, маичката со прекрасната комбинација на бои ќе се поткренеше и злобно ќе го здупеше. Имаше моменти кога сакаше да ја раскине непријателската маица, да ја уништи за да му даде мир. Некогаш дури и мислеше дека начисто ќе полуди само од гледањето на нејзиното прекрасно оформено тело, половината и папокот кој како врелина копаше во неговите очи. Тој

само ќе ја земеше чашката со горчливата течност и ќе му дадеше шанса на пивото да ги допре неговите усни. Дишењето стануваше сè пострашно. Јаглеродот врело ги откинуваше атомите на кислородот и сакаше да остане што подолго во неговите носници. Пцуеше и се каеше што мора да отплива во атмосферата. Невидливите човечиња, ангели, демони и духови, сите беа собрани над него, затоа што тогаш тој стануваше Исус, лично. Ако се насмевнеше осеќаше серотонин во неговите пори, ако се натажеше веѓите контрахираа горко. Ако се повредеше, се насмевнуваше. Ако се погледнеше низ прозорецот телото се смируваше. Мозокот како строг воин наредуваше сите делови од неговото тело да се вратат на своето место.

Тогаш од пред прозорецот низ кој влегуваше единствената улична светлина во собата, нудејќи му храна, таа ќе го засенеше сосема случајно. Нему тоа му сметаше. Не би му сметало ако таа го правеше тоа со цел. Да го отслика неговиот прекрасен профил врз дел од неговото лице. Но му сметаше што таа воопшто не се трудеше да го заведи, а успеваше со секоја нејзина издишка. Во таа ситуација тој сакаше да зјапа само во нејзиниот најубав, како буквата Ј слеан нос, меките уснички и касливото лице, смеѓата коса и прамените кои од неа паѓаа непосредно пред нејзиното лево око. Тогаш немаше време за други желби. Само сакаше да пријде и да ја бакне на нејзината уста, да го шмукне нејзиниот врат, да ја касне на мекиот дел од нејзиното увце и да ја погали со брадата на нејзиниот десен образ.

Пиејќи од чашата една капка оформена од пената на пивото се истркала по нејзината долна усна и застана на врвот на заоблената брадичка. Тој мирно посегна да ја избриши но тогаш

забележа дека со тоа ќе направи геноцид. За да го оправда пуштањето рака само ја погали по нејзиниот врат и ѝ намигна. Кога се навали на креветот кој се чинеше дека таа вечер доби повеќе и од двајцата, ја виде разголена нејзината половина и посака грубо да ја гризне и откине дел за себе. Кога таа забележа како тој зјапа, врз неговата уста се појави слатка насмевка. Се знаеја малку, а се чинеше дека си недостигаа години. Беа заедно кратко, а се чинеше дека се знаеја децении. Кога таа се навали над него и му зададе мек бакнеж врз неговите размекнети усни, тој во нејзините очи ги виде сите супер-нови, рапрснати низ универзумот, ги виде сите ѕвезди спремни за распукнување, сите универзуми и галаксии спремни за уништување од нејзините темни мрежести зеници кои во мракот забележливо се ширеа и од наежувањето мирно се стеснуваа. Низ играта таа остана сама на креветот. Тој волно се спушти до неа, потпирајќи го своето колено на подот и ги виде нејзините боси стапала кои повторно ги заиграа хормоните и безбожно луциферуваа над него со нејзините прекрасно оформени прстиња и заводливи глуждови. Десната нога ѝ беше поткрената, со коленото бодејќи и потпирајќи се врз креветот, нејзината заднина гордо се издигаше над сè, левата нога беше испружена до симетрично поставената глава, потпрена на нејзиниот десен образ. Двете раце ја ставаа главата измеѓу нив, како бебе кое штотуку заспало цицајќи. Во сето тоа, тој ја виде нејзината големина и се почувствува како џин. Посака да ја грабне малечката и да ѝ ги каже причините за сите негови стравови и очекувања. *„Ќе ми недостига“* помисли тој со горчина. Неговото височество непрестајно се полнеше со егоизам, исто како и некои други делови од телото. *„Ќе ме остави“* безволно помисли таа со сигурност и нагодување дека и овој е како и другите кои ја допреле нејзината ѕвезда.

Неговата рака се спушти на нејзиниот десен препон убивајќи ја нејзината последна мисла. Со другата рака нежно го фати нејзиното десно уво кое веќе беше врело од мекото каскање. Уште еден поглед низ целата нејзина појава и веќе беше спуштен над нејзиниот врат кој го касаше со горните заби, а стискаше со долната усна покривајќи го долниот ред на вилицата. Неговата брада потсетувачки ја боцкаа на меката кожа која стануваше сѐ поцрвена. Уште едно гризење на нејзиното лево уво, уште едно „случајно“ поминување со неговата рака врз меките гради. По стоти пат ја осети цврстината на неговата машкост на сред... сето тоа. Не сакаше да ѝ даде до знаење дека е пре-потентен.. *„Бони и Клајд“* помисли таа. *„Ја посакувам“* си рече тој. Протривајќи се од грубиот стар кревет, веќе не сакаше да биде таму. Сакаше да биде внатре.

Посака и да не посакаше да биде лилав, да не посакаше да биде тој. Посака да не ја посакаше и видеше неа затоа што животот сега му стана похаотичен. Мислите му се бореа со непознатата сила која знаеше дека доаѓа од ѕвездата на нејзиното чело, а беше далеку од сигурен дека е љубов. Сакаше или да ја голтне или да ја гризне и половично да ја остави сѐ додека не го изеде и остатокот од нејзиното тело. Мислеше дека ако ѝ го изеде телото ќе и ја стопи душата, или дека ќе ја ослободи клетвата која падна врз него кога неговите очи беа прекриени со светлината на пеколната андромеда. Мразеше да зависи од некого. Мислеше дека животот ќе му го склеса таа.

Во еден дел од неговиот мозок тој осеќаше празнина на некој неизлачен сок, во дел од неговото тело осеќаше вишок на излачен сок. Следниот пат кога ја допре, осети дека нејзината кожа

веќе е навлажнета со ситни капки пот. Таа се погледна кон вратата од терасата која сè уште играше со завесата. *„Жешко ми е. Да одиме...“* -посака да излезе, покажувајќи кон надвор. Кога стапнаа на свежите плочки од балконот, двата не изустија ни збор. Се погледнаа нагоре, го видоа небото заматено од промрежувањето на облаците и правот на трагедијата што ги опкружуваше. Едниот се сврти накај другиот насмевнувајќи се зачудено и остро исфрлајќи го вдишаниот чад од цигарата, искривувајќи ја устата лево нагоре. Не можеа да го запрат времето. Но можеа да го отпечатат и заковаат таму. Гледаа во рушевините на градот и се смешкаа на сенките од ротационите светла на брзата помош и полицијата. Пожарникарите гордо и панично се качуваа по она што остана од големите згради. Не се плашеа од смртта.

Ни пророците ваквите настани не ги предвидуваат. Беа последните луѓе на светот кои се грижеа за целиот свет, игнорирајќи го градот, а беа првите кои се сакаа само себе таа вечер. Кога најпосле се исправија еден кон друг таа страсно предложи. *„Сакаш вака“* сугерирајќи на рамката од вратата на која таа беше потпрена со двете раце исправени високо, кревајќи ја ногата на неговата половина. Се чинеше дека оганот не можеше да биде пожежок. Остра болка го прободи во неговата машкост кога го осети врелиот и влажен јазик длабоко во неговата уста. Туркаше тој, а се бранеше таа. Ја стисна во теснец до вратата. Веќе немаше каде да оди. Не можеше да чека ни момент повеќе. Од никаде дојде нејзината лева рака и го пофати на она што тогаш беше најбитно. Тој само ја крена главата и со замижани очи ѝ го понуди вратот длабоко испуштајќи воздух. Таа безмилосно го откопча неговиот ремен, лесно совладувајќи ги сомотските пантолони. Боксерките веќе претрпеа сешто. Лигавата влага и гужва во просторот.

*„Не сакам да имам ништо со тебе..“* рече тој. *„Така. Вели ми така за да ми биде полесно“*, го замоли таа и се спушти на нејзините колена, прилагодувајќи ја саканата висина. Тој жедно ја фрли неговата кошула врз паркетот... тогаш се случи нешто кое никој никогаш не го очекуваше. Никој не го посакуваше.

Низ вратата од полу распаднатиот балкон влегоа две мали деца опкружени со ауричнa силно сина светлина, не газејќи по подот. Едното се насмевна и ги покажа своите обетки, другото машки се намурти кон парот на вратата. Девојчето тогаш го подбуцна машкото и тоа од неговиот лев џеб извади убаво големо лижалче од зелено јаболко, кое се чинеше дека некој веќе го лижел пред тоа па потоа лепливо го завиткал за покасно. Девојчето го фати со рачето и невино му се смешкаше на момчето, а тоа ја турна на рамото и ѝ покажа кон лижалчето м-млајќи. Таа учтиво, без да сака да ја скине фолијата со која беше обвиено, го отпакуваше. Во сето тоа момчето ќе се свртеше накај малечката и немо ќе зјапаше во неа секунди. Потоа повторно ќе ја буцнеше. Ќе ја ставеше неговата рака врз нејзиното лево рамо, таа ќе ја помилуваше со образот и повторно ќе се насмевнеше. Таа само се смешкаше и го отпакуваше лижалчето. Парот од вратата речиси не мрдна. Тогаш девојчето победоносно го покажа лижалчето кон момчето и громогласно се насмевна дигајќи го нагоре. *„Тадаааааа...“* рече таа. Бавно и мирно го спушташе надолу кон нејзината уста, смешкајќи се. На момчето му се чинеше дека тие 30цм. пројдоа најбавно на цел свет. Беа стотинки во прашање. Кога девојчето нежно го допре лижалчето со јазикот, детето само ги крена очињата нагоре и ги стави скрст рацете на

своето газе. Се смешкаше задоволно дека на својата другарка му го даде она кое таа го бараше. Таа вкусно ги прибираше лигите кои патем ќе протечеа странично од нејзината уста и повторно го вовлекуваше јаболковото лижалче, себично криејќи го во нејзината малечка и мека устичка. Од време на време девојчето ќе го извадеше од устата и блескаво ќе го погледнеше момчето *„Ммм*?“ ќе речеше тоа нудејќи му лиз *„Не не...*“ ќе ја одбиеше тоа. Нивната аура стануваше се посилна и поблескава. Малите беа премногу невини и мирни. Сè уште не ја имаа сфатено важноста од познавање на нивната друга половина. Мислеа дека самите се доволни за живеење во овој свет, не сфаќаа дека секој од нив поединечно не е цел. Дека фали половинка и сè додека не е *цело,* за ништо нема да го бидува. Ќе се смее и плаче сам. Малиот горделиво и супериорно стоеше пред сенката на малечкото девојче. Таа упорно грицкаше од лепливото лижалче. Нивните ноџиња од време на време ќе го допреа подот и тогаш низ собата се ширеше слаба миризба на ангелските крилја кои речиси не пораснале. Низ прозорецот наидуваа звуците на плачот и страдањето, но малечките се чинеше дека не ги слушаа. Парот кој парализирано стоеше во истата поза, така потпрени на вратата почнаа да се раздвижуваат. Тогаш од таванот кој речиси целата вечер ги покриваше се оддели речиси цела третина и падна врз главите на малечките простувајќи им ја смртта таа вечер. Тогаш малечките се претворија во светлина. Од громогласниот звук на распадот на таванот, тој и таа се стуткаа на подот, тој покривајќи ја нејзината глава и десна страна, нудејќи му се на нечестивиот наместо неа. Кога видоа дека повеќе нема што да ги нападне, мирно потстанаа. Тој ги запетла своите пантолони. Таа ја избриша својата уста од страните.

Потоа легнаа на креветот. Како и дотогаш, ништо друго не беше важно. Кога земјотресот би бил и крајот на светот нив тоа не би ги интересирало, затоа што креветот им остана недопрен од распадот на домот. Во трулежот на она што за малку не ги отепа, низ танецот на прашината, се појави малечка гасеница која никој не ја забележа. Избезумено не знаеше каде да оди. Гледаше само наоколу и од страв станувaше се поголема и посочна. Се туткаше и виткаше така уште малку, правеше планини од своето тело и повторно ги претвараше во низорамнини. Кога сфати што каде се наоѓа и дека тоа каде што предмалку беше сега веќе е отпад, поита да најде место да се скрие. Гасеницата тогаш се накостреши и гордо се исправи речиси за 90 степени. Разгледа наоколу и низ призорот на правот виде дупче. Не беше далеку, па поита да се скрие. Одеше едвај. Беше престрашена но сепак полна со желба и страст да стигне каде што наумила. Ползеше и зад неа оставаше лигава трага која се лачеше во поголема количина поради сето тоа наоколу. Гасеницата ги менуваше своите бои. Беа 30цм додека да стигне до дупчето, но изгледаа километри. Од темноцрвена се претвори во светло жолта, па во бела и на крај повторно во црвеникава. Секој дел од нејзиното тело создаваше виорче од прашината. Уште 10.. 5 .. 2 .. тогаш застана пред скривалиштето кое го посакуваше уште откако трасна од таванот. Уште еднаш гордо се исправи ги накостреши сите влакна на мекотелцето и се збута во дупката.

На сред сиот тој немир, на сред сиот тој хаос, болка, страдање и страв, на сред градот кој болно ги броеше мртвите, каде живите станувaa привилегија, од нигде никаде избија врели гејзери. Со сета своја снага излегоа од длабината на земјата, испомешани со стравот за уште еден потрес. Луѓето немо гледаа и веќе не знаеја што да сторат. Врелата вода паѓаше на земјата

миејќи ја прашината и крвта од распаднатите тела. Избиваа гејзери низ сиот град, низ сите улици, шахти, канализации, тревници и бавчи и дворови. Старите одеа брзо кон стреите, а возрасните ги прибираа децата кои мислеа дека можат да си играат со жешката вода. Ништо повеќе не беше јасно што се случува.

Зад сето тоа, во просторијата каде повеќе од половина од таванот фалеше, тој се напи од остатоците пиво и ја погледна својата втора половина.

*„Имав однос со себе си“* помисли тој, *„… прекрасно!“*, се океѕи.

Потоа мирно запали цигара.

THE END